( Образец ПП……)

До Државна Комисија за Спречување на Корупцијата на РСМ
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSION
СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar: 19-02-2024
| Орг.Единица / Nj.Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Viera |
|---|---|---|---|
| 03 | 794/1 | | |

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08 и бр.6/10), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Согласно Член 37 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за дело поткупување на избирачите, колку пријави има примено ДКСК на РСМ за напред цитираното дело од 2016 до 2023 година на државно ниво (за секоја година засебно); колку од пријавите за ова дело пристигнале од МВР, колку од политички партии, колку од граѓани и колку од невладини организции (за секоја година засебно)? И за колку од пријавите е доставено писмено известување до Јавно обвинителство на РСМ (за секоја година засебно)?

Форма во која се бара информацијата:
- г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:
- г) е-маил

Барател на информацијата: [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје Датум 17/02/2024 година

Барател
[redacted]

[redacted]

**From:** [redacted]
**Sent:** Saturday, February 17, 2024 10:31 AM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** DKSK.pdf

( Образец ПП......)

До Државна Комисија за Спречување на Корупцијата на РСМ

(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен

карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08 и бр.6/10), од

имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Согласно Член 37 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за дело поткупување на избирачите, колку пријави има примено ДКСК на РСМ за напред цитираното дело од 2016 до 2023 година на државно ниво (за секоја година засебно); колку од пријавите за ова дело пристигнале од МВР, колку од политички партии, колку од граѓани и колку од невладини организции (за секоја година засебно)? И за колку од пријавите е доставено писмено известување до Јавно обвинителство на РСМ (за секоја година засебно)?

Форма во која се бара информацијата:

- г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- г) е-маил

Барател на информацијата: [redacted]

[redacted]

Со почит

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-794/2
08-03-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-794/1 од 19.02.2024 година, доставено од адвокат [redacted], го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-810/1 од 21.02.2024 година, **СЕ УВАЖУВА.**

Бараната информација да се достави до барателот на информацијата на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Барателот на информацијата, [redacted], во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање со кое побара: *„Согласно Член 37 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за дело поткупување на избирачите, колку пријави има примено ДКСК на РСМ за напред цитираното дело од 2016 до 2023 година на државно ниво (за секоја година засебно); колку од пријавите за ова дело пристигнале од МВР, колку од политички партии, колку од граѓани и колку од невладини организции (за секоја година засебно)? И за колку од пријавите е доставено писмено известување до Јавно обвинителство на РСМ (за секоја година засебно)?"*

По разгледување на барањето, ДКСК утврди дека не располага со информации/податоци кои се однесуваат на бројот на пријави согласно член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а се однесуваат на поткупување на избирачите, од причина што во ДМС системот на ДКСК и во евиденцијата за постапување по предмети, во Секторот за спречување на корупција не се води евиденција на начин како што е наведено во Барањето за пристап до информации од јавен карактер, туку ДКСК постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

ДКСК постапува во рамки на своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, глава 4. Спречување на корупцијата во политиката како и Изборниот законик, за време на изборниот процес.

**Дополнително, Ве известуваме дека за секој изборен процес ДКСК изготвува посебни извештаи кои ги содржат сите податоци кои се предмет на Ваш интерес, а се јавно објавени на следниот линк:** https://dksk.mk/mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d1%81%d0%b5%d0%b1%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/ **и на стара веб страна на ДКСК во делот информации за јавноста – избори на следниот линк:** https://old.dksk.mk/index.php?id=116, **каде се достапни информации за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за сите изборни процеси во периодот од 2016 до 2023 година.**

**Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил:

Да се достави до:
- подносителот